**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

Врз основа на член 17-г став 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) , Градоначалникот на општина Неготино во постапка на избор на член на управен одбор по јавен повик 02/2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За избор на член на управен одбор на ЈКП ,, Комуналец” Неготино

1. За член на управен одбор на ЈКП ,, Комуналец” Неготино се избира кандидатот **Лилјана Арсова Митрова.**

2. Именуваната ќе биде член на управен одбор на ЈКП ,, Комуналец” Неготино по конечноста на оваа одлука .

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Основачот на јавното комунално претпријатие ЈКП ,, Комуналец” Неготино, објави јавен повик 02/2023 на ден , 15.08.2023 година на веб – страницата на основачот на јавното претпријатие и на веб – страницата на јавното претпријатие. На ден 05.09.2023 година, во 08:30 часот, во просториите на општина Неготино започна административна селекција за член на управен одбор на ЈКП ,, Комуналец “ Неготино, при што се утврди дека од пријавени вкупно 1 кандидат , уреден е 1 кандидат.На ден 12.09.2023 година , во 10:00 часот, во просториите на општина Неготино започна да се спроведува постапката на веродостојност на докази и интервју за Јавниот повик 02/2023 втора фаза од постапката. По спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју во просториите на општина Неготино , се објави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

За член на управен одбор на ЈКП ,, Комуналец “ Неготино .

| Ред.бр. | Име и Презиме | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Лилјана Арсова Митрова | 25 | 75 | 101 |

Од предложената ранг листа Градоначалникот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаа право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Градоначалник**
**Горан Стојанов**

_______________________